ПРИЛОГ

утрински Весник

# МОЌТА Е ВО НАРОДОТ

ЧЕТВРТОК **19** СЕПТЕМВРИ **2002**



Слободанка Марковска, антрополог
Невладиниот сектор е контролен механизам на демократијата

Меѓународниот републикански институт даде одлични оцени за текот на гласањето
**Изборите ја одразија волјата на македонските гласачи**

Новинарството и изборите
**Медиумите го положија тестот на демократијата**

Во четвртиот собраниски состав ќе има 21 жена
**Жените сѐ подобро пливаат во политичките води**

Родови стереотипи во медиумите
**Балерина и турбина**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ЕВРО БАЛКАН



# ИЗБОРИ 2002

# Отворени писма до господата Георгиевски и Црвенковски

Најголемиот изборен инцидент се случи во тетовско

# „Лавови“ пукаа во Лешок!

МОСТ Граѓанска Асоцијација

Паралелна обработка на изборните податоци

# МОСТ ја потврди победата на коалицијата „За“

Коалицијата „За Македонија заедно„ ќе во водство во однос на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ И ЛП. Ова го покажуваат конечните резултати од паралелната обработка на податоците во четири изборни единици на Граѓанската асоцијација МОСТ, што е дел од ПВТ програмата со која беа опфатени вкупно 116.282 гласови од шест изборни единици. Според МОСТ, коалицијата „За“, во втората изборна единица освоила 42,12 отсто од гласовите, за разлика од ВМРО-ДПМНЕ И ЛП кои добиле само 18,97. За ДУИ гласале 8,29 отсто од гласачите, а за НДП и ДПА 5,49 и 5,36 отсто. Во тројката за коалицијата За гласале 80,26 отсто гласачи, додека за ВМРО-ЛП 34,83, додека во четворката За имаат 51,12, а ВМРО-ДПМНЕ 36,49 проценти. Во петката пак, За освоиле 45,80 отсто, а за ДПМНЕ-ЛП гласале 30.09 отсто гласачи. ДУИ во оваа изборна единица имаат 8,50 отсто.

> Изборите беа фер и демократски, сметаат во Граѓанската асоцијација МОСТ

Ова се првите избори по осамостојувањето на Република Македонија кои поминаа во мирна, фер и демократска атмосфера„, истакнуваат претставниците на „МОСТ„, која по повод четвртите парламентарни избори во земјава организираше домашно набљудување. МОСТ соопшти дека во текот на изборниот процес, граѓаните постојано се јавувале на бесплатната телефонска линија, пренесувајќи ги нивните забелешки и реагирања на изборниот процес. Најкарактеристични биле јавувањата од граѓаните чии имиња ги немало во изводот од Избирачкиот список, а најмногу повици имало од Скопје и од Гостивар. Според „МОСТ, граѓаните реагирале и на прекршувањето на изборниот молк, особено на лепењето постери во раните утрински часови, расфрлањето летоци со навредлива и пропагандна содржина, но и агитација на повеќе гласачки места.



„МОСТ„ регистрирала присуство на домашни набљудувачи на теренот, кои се претставувале дека се од оваа граѓанска асоцијација, иако немале овластување од ДИК како нејзини набљудувачи. Оваа појава била забележана во третата изборна единица, но и во Прилеп.

Инцидентите кои се регистрирани од „МОСТ„ најчесто се однесуваат на технички проблеми со изборниот материјал, помали прекршувања на изборниот процес, неколку случаи на кршење на принципот еден човек-еден глас, агитација пред избирачките места, како и носење партиски маици во и околу гласачките места. Инциденти се регистрирани во гостиварско, скопските населби Кисела Вода и Шуто Оризари, општините Вруток, Косел, Студеничани и Битола. Најголем инцидент активистите на „МОСТ„ забележале во тетовското село Лешок каде гласањето било прекинато, откако вооружени лица ја украле гласачката кутија.

Во ДИК, како што беше речено, биле акредитирани 2.872 набљудувачи на „МОСТ„ кои биле присутни на повеќе од половината избирачки места во текот на целото гласање, но и потоа, за време на броењето на гласовите.

Набљудувачите на оваа граѓанска асоцијација биле во статични тимови по двајца, а контрола на регионите вршеле мобилни тимови. Овие избори, според МОСТ, се разликуваат од другите по бројот на набљудувачи кои биле акредитирани, со што изборниот процес станал транспарентен и граѓаните првпат во Република Македонија станаа не само активни гласачи, туку и активни набљудувачи на изборите.



Меѓународниот републикански институт даде одлични оцени за текот на гласањето

# Изборите ја одразија волјата на македонските гласачи

Изборите се точна слика на волјата на македонските гласачи. Ова е јасен знак дека демократијата во Македонија се подобрува, што зборува и за иднината на младите луѓе кои покажаа зрелост, соопштија вчера мониторите на Меѓународниот Републикански Институт, кои за време на изборите имаа дванаесет набљудувачки екипи од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Велика Британија, Холандија и САД во сите шест изборни единици. На прес-конференцијата објавена ден по гласањето, беа објавени прелиминарните резултати од нивниот мониторинг и најавија дека подетални информации ќе соопштат за околу 45 дена.

ИРИ оцени дека изборниот процес поминал мирно, иако мониторите со жалење констатираат дека имало јавни инциденти со насилство, но не веруваат дека тие влијаеле врз изборните резултати. Високиот одзив на гласачите тие го прокоментираа како глас за доверба за демократскиот процес и изборите, и воедно ја пофалија ДИК поради успешните напори да ги образува македонските гласачи во врска со новиот Закон за избори, за кои потенцираа дека биле добро информирани. ИРИ смета дека избирачките одбори на гласачките места работеле вешто и без конфликти, а биле и добро обучени. Институтот ги пофали и останатите меѓународни набљудувачи, домашните непартиските и партиски набљудувачи кои придонеле за добриот тек на изборите. Тие нагласија дека и покрај големата ревност на некои партиски монитори, сепак, тие претставувале важна контрола за фер изборен процес. ИРИ нагласи дека полицијата работела според намерите, но не покажала несоодветна полициска активност. Институтот забележал групи на партиски активисти пред повеќе гласачки места, но не виделе заплашување на гласачи, и додадоа дека полицијата и официјалните претставници сепак можеле повеќе да го расчистат просторот пред гласачките места. ИРИ констатирале и редица инциденти со малтретирање и физички напади на анкетарите за излезната анкета на ИРИ. Во споредба со парламентарните избори од 1998 година, набљудувачите на ИРИ регистрирале помалку примери на групно гласање и гласање за други лица, што за нив е се уште проблем во руралните средини, но со значително подобрување од минатите парламентарни избори. Претставниците на ИРИ оценија и дека со мали исклучоци, гласачките списоци изгледале точни, а тие не нашле голем број гласачи кои имале проблеми. -Не е добра идејата да се пука. Пукањата по изборите беа епизодни. Се надеваме на мирна транзиција. Тоа е очекувањето на луѓето од Македонија, рече Џорџ Фолсом, претседателот на ИРИ.

Институтот ги соопшти и резултатите од излезната анкета која ја спровеле на денот на изборите, 150 научно избрани гласачки места во сите шест изборни единици, а при која се анкетирани над 8.590 гласачи. Според неа, коалицијата „За Македонија заедно“ има убедливо водство пред владеачката ВМРО-ДПМНЕ-ЛП, а меѓу етничките албански партии, новооснованата Демократска унија за интеграција води пред ДПА и ПДП. Анкетата содржи податоци само за партиите кои добиле нај малку 2 отсто на државно ниво.

Истражувањето покажува дека Коалицијата „За„ освоила 40,.2 отсто ; ВМРО-ДПМНЕ и ЛП 23,5 отсто ; ДУИ -11,9; а ДПА 4,7 отсто од гласовите. На крајот на листата се Демократска алтернатива со 2, 5 отсто и ПДП со 2,3 отсто. Најголем број гласови „ За„ добила во првата изборна единица, ВМРО-ДПМНЕ во тројката, а ДУИ во шестката. Убедливо најголем број од гласачите сметаат дека топ-приоритет на новата Влада треба да биде мирот и стабилноста, потоа економскиот развој, а дури потоа имплементација на Рамковниот договор.Поголем број жени од мажи гласале за Коалицијата „За„, што не е случај со коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ЛП, каде бројот на мажите и жени гласачи е приближно ист. За ДУИ гласот го дале поголем број мажи, а иста е ситуацијата и со партијата на Џафери како и во ПДП. Поголем број гласови „За“ освоиле во урбаните средини, додека за ДУИ гласале повеќе во руралните средини. Бројот на гласовите дадени за ВМРО-ДПМНЕ е скоро ист и во урбаните и во руралните области. Дури 51 отсто од гласачите се изјасниле дека отсекогаш гласаат за истата партија, 17 отсто одлучиле на денот на изборите да го дадат својот глас за одредена опција, 15 отсто велат дека за одредена партија се одлучиле пред повеќе од три месеци, а 6 отсто од нив го донеле судот во период од еден до три месеци.

*Коалицијата „Граѓани за граѓаните„ ги набљудуваше изборите*

# Демократски избори, но со помали инциденти

Коалицијата на невладини организации „Граѓани за граѓаните„ во соработка со Сојуз на организации на жени на Република Македонија, и меѓународните набљудувачи од Пактот за стабилност - Gender Task Force, косовската акција за цивилни иницијативи „КАЦИ“ и Сојузот на германските синдикати, заеднички спроведоа активности за набљудување на Парламентарните избори 2002.

Мониторингот на изборите се спроведе на целата територија на Македонија и на избирачките места се појавија 700 набљудувачи.

Генералната оценка е: изборите поминаа во мирна и фер атмосфера. И покрај одреден број неправилности и инциденти кои ги забележавме, може да се каже дека се работеше за избори кои се спроведени според највисоките демократски стандарди.

Високиот одзив (над 70%) на граѓаните, како и високиот степен на мотивираност и заинтересираност за овие избори покажува дека Република Македонија и нејзините граѓани имаат несомнени внатрешни демократски капацитети. Граѓаните ја докажаа и ја потврдија конечната определба за демократија. Слободните избори претставуваат голем чекор кон европска интеграција на Македонија.



Граѓанската иницијатива покажа висок степен на ангажираност и сериозност, како и зрелост да ја преземе улогата која во општеството му припаѓа и се надеваме дека и во иднина ќе пр одолжи со уште поголема сериозност и натаму да дејствува како коректор, насочувач и артикулатор на интересите на граѓаните.

**Инциденти**

Гласачките места беа навремено отворени и гласањето навремено започна во повеќето од 2973 избирачки места во РМ без поголеми проблеми и застои.

За жал, беа забележани и одредени нерегуларности, но тоа беа изолирани инциденти што за среќа не успеаја посериозно да го нарушат изборниот процес. И покрај оштите позитивни коментари и забелешки мора да обратиме внимание и на поголем број **неправилности** за да можат во иднина да се преземат мерки за превентивно дејствување и нивно анулирање.

Најголемиот инцидент се случи во с. Лешок. Употреба на огнено оружје е забележано и во Студеничани каде во тепачка е ранет еден партиски активист. Демонстрација и употреба на оружје е забележана и на повеќе други места од кои мора да се спомене и нагласи оној во училиштето Владо Тасевски, во центарот на Скопје, каде се забележани повеќе лица вооружени со огнено оружје.

Нашите набљудувачи беа сведоци на настаните во Студеничани, с. Врховица, каде што беше со огнено оружјебеше повреден член на избирачкиот одбор.

**Заплашување**

Во попладневните часови на повеќе избирачки места во околните села на Гостивар вооружени групи им се заканувале на членовите на избирачките одбори дека ќе ги убијат, и нив и нивните семејства доколку не им дозволат да внесат барем по 200 ливчиња.

При еден таков настан во с. Тополица претседателот на избирачкиот одбор дал оставка и го напуштил гласањето кое продолжило по еден час под раководство на заменикот. Од околината на Гостивар добивме информации за полнење кутии и насилно вметнување на ливчиња. Бројот и количината на вметнатите ливчиња не влијаела во значителна големина на конечните резултати. Не бевме во можност да ги потврдиме преку директно учество на некој од нашите набљудувачи од тој регион.

Особено изразено беше заплашувањето, поткупувањето и агитирањето кај ромското население во Шуто Оризари, но и во Кочани каде непознато лице на Ромите гласачи им нудело по 500МКД за да дојдат да гласаат.

Добивме неколку информации за забележани случаи на таканаречениот „Бугарски воз„ Регистриравме и случаи на групно гласање, на несоодветно поставени паравани за гласање, злоупотреба на мобилните телефони на избирачките места, изборниот молк беше прекршен скоро на целата територија на државава, а имаше проблеми и со избирачките списоци, заради промените на локациите на одредени избирачки места.

## Најголемиот изборен инцидент се случи во тетовско

# „Лавови“ пукаа во Лешок!

**НЕБОЈША КАРАПЕЈОВСКИ**






„Сакаме Љубчо Георгиевски да дојде кај нас и да ни каже дали со истиве овие луѓе го ослободил Лешок, вели еден помлад жител на селото

Повредениот Мирко Васовски вака го раскажува настанот: “Сакав да ги спречам да ја земат кутијата во која се гласаше

Изборите во Тетово и тетовско поминаа главно фер и коректно освен инцидентот во тетовското село Лешок. Тетовчани - и Македонци и Албанци покажаа дека беа неоправдани стравувањата за големи инциденти на денот на гласањето и дека е можен демократски амбиент во изборот на претставници во македонското собрание од овој регион.

Според очевидци на инцидентот во Лешок, околу 15 вооружени лица нешто пред 15 часот со три возила влегле во ова тетовско село и предизвикале тежок инцидент во едно избирачко место, одземајќи ја кутијата за гласање и стрелајќи во воздух додека го напуштале местото кадешто се гласало.

- Само што отидов да ручам, ги чув пукотниците, вели лешочанецот Никола.Тој разочарано и со возбуда во гласот додава : „Дојдоа утрото и пак, се вратија вооружени, за да пукаат во својот народ. Се чувствував како да сум во времето на дивјаштвото. Вакво однесување не се памети ниту за време на турското ропство„.

Еден постар жител на селото не може да се изначуди од каде насилниците знаеле дека токму во тоа време ќе ги нема мониторите на ОБСЕ и на ЕУ , кои на секои 15 минути доаѓале таму. Тој се сомнева дека целиот инцидент бил подмолно организиран, бидејќи ниту полицијата која го обезбедувала местото, во тие критични моменти не била таму, а се вратила откако насилниците го напуштиле местото на инцидентот.

„Сакаме Љубчо Георгиевски да дојде кај нас и да ни каже дали со истиве овие луѓе го ослободил Лешок, вели еден помлад жител на селото.

Идентификувајќи ги напаѓачите како припадници на посебната единица на МВР „лавови„ огорчените лешочани велат дека нема повеќе да дозволат македонската полиција да патролира во ова место и дека понатаму сами ќе се бранат од можните насилници.

Мирко Васовски,членот на избирачкиот одбор кој за време на ицидентот беше повреден, со видлива трага крв на увото, вака го раскажува настанот: “Сакав да ги спречам да ја земат кутијата во која се гласаше. По излегувањето од гласачкото место, откако ја зедоа кутијата, еден од нив дојде до мене и ми пукаше до увото, од што паднав на земја. Според очевидците на овој инцидент, познати се сторителите на овој настан, како и регистарските таблички на возилата со кои што дошле, од кои едно е сопственост на тетовската електродистрибуција.

---

За прв пат во историјата на македонското новинарство еснафот во Македонија се обедини

## Новинарството и изборите

# Медиумите го положија тестот на демократијата

**ВИКТОРИО ЈАКОВЛЕСКИ**

Новинарите во своето известување, најчесто се ставани на тест во однос на објективноста, непристрасноста, балансот и нивната професионалност токму за време на жестоки политички избори.

Може да се каже дека објективната оценка за новинарското известување од македонските парламентарни избори е дека тие го положија испитот, заедно со граѓаните на Македонија.

За прв пат во историјата на македонското новинарство еснафот во Македонија е обединет. Преку Здружението на новинарите на Македонија новинарите можат да ги остваруваат своите права, но и да ја креираат својата иднина. Здружението на новинарите на Македонија за време на изборите им пружи целодневна логистичка поддршка на новинарите, како во седиштето на Здружението во Скопје,така и во шесттe регионални центри низ Македонија: Тетово, Охрид, Битола,Струмица, Штип и Куманово. Покрај можноста за користење на техниката новинарите можеа да добијат и правна заштита доколку се укаже потреба за тоа, на располагање на ЗНМ се тројца адвокати кои во секое време беа подготвени да излезат на терен. Новинарите можеа да и достават претставка до Советот на честа на ЗНМ, во случај новинар да врши агитација или на било каков начин да го крши Кодексот на новинарите на Македонија.

Регионалните центри со двосменско работење започнаа од 10 септември, а ќе продолжат се до 25 септември 2002 година. На денот на изборите Регионалните центри беа во постојан контакт со седиштето на ЗНМ, кое работеше 24 часа непрекинато. Координаторите на Регионалните центри секојдневно испраќаа извештаи до седиштето на ЗНМ во Скопје. Состојбата најчесто беше редовна со неколку помали проблеми. Како поголем проблем единствено може да се издвои, нападот на новинарката и снимателот од охридската телевизија ТВМ. За овој инцидент ЗНМ веќе има преземано соодветни мерки. Од регионалниот центар во Битола се добиени информации за две кршења на изборниот молк, овие случаи ЗНМ веднаш ги проследи до Советот за Радиодифузија.

Во интерес на предизборната едукација на новинарите, Здружението на новинарите на Македонија и Македонскиот институт за медиуми, во предизборниот период организираа караван во Регионалните центри на ЗНМ. Темата на тркалезните



маси беше “Новинарите и изборите”, се говореше за новите законски регулативи и беа презентирани странски искуства во врска со следење на изборите.

Интересот на новинарите беше огромен, на тркалезните маси имаше од 50 до 80 учесници. Координацијата на новинарите на регионално ниво не се случила досега. Затоа новинарите не го криеа своето задоволство што, со посредство на ЗНМ и МИМ, можеа да дискутираат за нај актуелната тема во тој момент - изборите. Уште една подготвителна “предизборна” активност на ЗНМ беше и публикувањето на “Прирачникот за покривање на изборите” што беше испечатен и дистрибуиран до новинарите, а кој ЗНМ го подготви во соработка со Меѓународната федерација на новинарите.

За неколкуте денови пред изборите и на самиот ден беше забележлива посетеноста на новинарите на Регионалните центри на ЗНМ. Тие беа заинтересирани за “Прирачникот”, да ги добијат потребните информации, но и да направат “стратегии” и да го испланираат заедничкото следење на изборите.

Здружението на новинарите ќе продолжи и понатаму со своите активности се во интерес на еснафот и како што се наведува во Статутот на ЗНМ ќе:

Ја брани слободата на печатот, радиото, телевизијата и на другите медиуми;

-Се бори против злоупотребата на медиумите, создавањето монополи и било какви форми на цензура на штета на вистинитото, целосно, непристрасно и навремено известување на јавноста;

-Ги заштитува и унапредува: слободата, правата и одговорноста на новинарите, врз основа на Уставот, Законите на Република Македонија, Статутот и актите на ЗНМ и меѓународните документи кои се однесуваат на слободата на јавните гласила, изразувањето и информирањето како основни човекови права;

-Го заштитува угледот и достоинството на новинарската професија и ја заштитува и поттикнува слободата на критичкиот и креативниот труд;

-Ги застапува членовите, ги претставува пред општествената заедница, активно учествува при подготовката на законските прописи и меѓународни конвенции од интерес на професијата, го брани професионалниот интерес на секој поединец без оглед на полот, расата, вероисповедта, националната припадност или политичка определба.

(*Авторот е Проект менаџер во Здружението на новинарите на Македонија*)

## Во четвртиот собраниски состав ќе има 21 жена

# Жените сè подобро пливаат во политичките води

МАРИЈА КУКА

> За целосен успех од големо значење е тоа што членките на политичките партии одлично се надополнуваат со членките на невладиниот сектор

> Голем успех на женското движење во Македонија, особено кога се знае дека во претходниот состав на Собранието само седум проценти жени имаа можност да учествуваат во работата на највисокиот законодавен дом







Елеонора Петрова–Митевска, Теута Арифи (десно)

Седумнаесет проценти од пратениците во идниот состав на парламентот ќе бидат жени, или искажано со бројки во иднина во Собрание ќе седи 21 жена. Голем успех на женското движење во Македонија, особено кога се знае дека во претходниот состав само седум проценти жени имаа можност да учествуваат во работата на највисокиот законодавен дом.

Најмногу претставнички има коалицијата „За Македонија“, вкупно 16, поточно - единаесет идни парламентарки се од Социјалдемократскиот сојуз, а пет се членки на Либералнодемократската партија. Во Собранието свое место ќе имаат и три членки на ВМРО-ДПМНЕ, и по една претставничка од Либералната партија како и од Демократската унија за интеграција.

Овој успех на женското движење во земјата не е случаен. Години station наназад активни се голем број женски невладини организации, а за целосен успех од големо значење е тоа што членките на политичките партии одлично се надополнуваат со членките на невладиниот сектор. Секако дека еден од пресудните моменти за успех беше и изгласувањето на член 37 од Законот за избор на пратеници со којшто политичките партии се обврзуваат да имаат 30 отсто кандидати од женскиот пол на своите листи.



Савка Тодоровска, СОЖМ

“Сега по изборите сакам да ги истакнам позитивните резултати од десетгодишното работење на сите структури во Македонија, структури кои сакаат прогрес и демократија во нашата држава, вели Савка Тодоровска, претседателка на СОЖМ. Успехот не е случаен и се должи на зголемениот број на жени во политичките партии, зголемен број на жени кои се наоѓаат на кандидатските листи, зголемен број на жени на добитните позиции, зголемен број на жени избрани (два и пол пати повеќе од досегашниот), потоа зборуваме за поголем број на жени кои излегоа на гласање, зголемен број на жени кои самостојно гласаа, зголемен број на жени набљудувачи, објаснува Тодоровска. Сето тоа за нас, како актери во овој вид работа, говори дека работата на терен, работата со жените и со мажите, со јавноста, со медиумите, роди плод и го даде својот резултат. Но, тоа не значи дека направивме сè. Ние ќе дадеме свој придонес за развој на демократијата и на граѓанското општество. Убедена сум дека идните парламентарки ќе дадат позитивен тренд при нивното делување во парламентот, нивниот однос кон донесувањето на одлуките и кон нивниот однос за лобирање за повеќе жени во парламентот. Зошто така мислам? Повеќе од 75 проценти на избраните жени се жени кои ги поминаа сите скалила на работа на терен. Работата со невладиниот дел, со хуманиот дел, делот на човечкиот респект кон односите во општеството, сметам дека овие жени го совладале. Тоа за мене е влог кој ќе даде плод во наредниот период на идните локални и на парламентарни избори. Зошто го велам ова? Ние со овој резултат не сме задоволни и продолжуваме во континуитет со нашето работење, работата на терен, влегување во политички партии. Внатре во партиите треба да бидат жени кои ќе знаат која е нивната улога и место, и кој е тој дел на работа кој тие треба да го градат, кој е односот кон нив самите. Жени кои ќе умеат да ги покажат своите квалитети на вистинско место и во вистинско време и да знаат како тоа треба да го излобираат внатре во политичката партија, додаде Савка Тодоровска.

Стравот на македонското женско движење дека половата квота ќе биде испочитувана само формално се покажа оправдан за одредени политички партии кои имаа 30 отсто жени на изборните листи, меѓутоа на места кои никако не гарантираа влез во Собранието.

Социјалдемократскиот сојуз и пред да биде изгласан членот 37 од Законот за избор на пратеници донесе партиска одлука за половите квоти, што значи дека и без тој закон на изборните листи на СДСМ жените ќе беа застапени со 30 проценти, вели Елеонора Петрова - Митевска, идна парламентарка од редовите на коалицијата „За Македонија“, инаку координаторка на жените во СДСМ. Ние ја испочитувавме законската регулатива не само формално, а доказ се и 25 проценти на жени од нашите редови кои се избориле за пратеничкиот мандат, а вкупно на изборните листи беа 38 жени. Во изборната единица број еден дури 40 отсто од нашите кандидати беа од женски пол. Инаку, очекувам во парламентот да се формира една неформална женска група, што е впрочем практика насекаде во Европа, која ќе лобира за специфичните женски прашања, објаснува Петрова - Митевска.

Од партиската ориентација зависи дали жените од таа политичка партија ќе влезат во парламентот, вели Теута Арифи, потпретседател на ДУИ, која е единствена жена од албанскиот политички блок во идниот состав на Собранието. Точно е дека и кај албанскиот политички блок е испочитувана квотата од 30 отсто жени на изборните листи, меѓутоа тие жени беа ставенИ на таква позиција којашто не им гарантира влез во највисокиот законодавен дом. Жени на клучни позиции речиси и да немаше. Затоа сметам дека законската регулатива не треба да остане само на 30 отсто жени на изборните листи, туку да се допрецизира и да се воведе нова легислатива која ќе гарантира 30 отсто жени на клучни места, места кои што ќе гарантираат и нивен влез во Собранието, додаде Арифи.

---

### Лилјана Поповска, претставничка на Македонско женско лоби и идна парламентарка

## Повеќе толеранција во меѓусебната комуникација



Како жени во парламентот ќе се обидеме да го смениме политичкиот амбиент на подобро, вели Лилјана Поповска, идна пратеничка од редовите на ЛДП, инаку претставничка на Македонското женско лоби и член на советодавниот одбор на Гендер Таск Форце од Пактот за стабилност. Ќе се обидеме да внесеме повеќе толеранција во меѓусебната комуникација и во приодот кон решавање на разни проблеми кои што ја тиштат државата. Исто така ќе лобираме да внесеме некои теми коишто досега беа на маргините на парламентарните дебати. Постојат разни теми кои многу битно го допираат животот и секојдневието на сите нас, и мажи и жени,но едноставно не доаѓаа

на ред од некои таканаречени големи теми. Тоа се теми од сфера на социјалната и здравствената заштита, образование, статусот на жените во општеството. Ние сметаме дека тоа се теми кои ќе придонесат за едно поквалитетно живеење во државата, објаснува Поповска.

Лилјана Поповска навести дека нема да се се бори за министерска фотелја туку дека ќе остане во Собранието...

Парламентот е можност да се делува на промена на свеста за некои прашања, истакнува Поповска. Знам дека во Македонија има многу прашања кои не се отворени или не се доволно објаснети и прифатени од пошироката јавност, затоа би сакала да бидам застапник на таквите прашања, а шансата за тоа е токму преку парламентот. Не го намалувам значењето на извршната власт, меѓутоа кога некој е во извршната власт, тогаш тој треба конкретно да се посвети на една област, а јас би сакала да работам на повеќе сегменти, отворање на одредени прашања и борба за промена и подобрување на законската регулатива во повеќе области.

Поповска вели дека во идниот парламент жените парламентарки најверојатно ќе формираат и женска лоби група. Идејата е жените заеднички да се борат за женски прашања или подобро кажано прашања за кои тие имаат повеќе сенс, и секако да лобираат тие да бидат прифатени и од нивните машки колеги во партиите.

Во секој случај од тоа не треба никој да стравува тоа ќе биде апсолутно за добро во државата, едноставно потсетување на нештата кои можеби мажите не ги сметале за толку битни, додава Поповска. Практично тоа ќе биде продолжение на нашето работење како македонско женско лоби, уште поорганизирано и внатре во парламентот.

---

### Мониторинг на Gender Task Force од Пактот за стабилност

# Жените масовно излегоа да гласаат

Жените гласачи гласаа во еднаква пропорција во однос на нивната застапеност во популацијата, а во некои случаи и во поголем обем. Парламентарните избори во Македонија поминаа фер и демократски , а со самото тоа што бројот на жените кои се изборија за место во Собранието е речиси два и пол пати поголем во однос на претходниот парламент се одава признание на огромниот напор на делот на Македонското женско движење што успеа да вметне квота во изборната легислатива и да ги мотивира и охрабри жените да ги искористат своите активни и пасивни избирачки права.

Ова го истакна Мери Ен Рукавина, извршен директор на Гендер Таск Форце од Пактот за стабилност, која беше на чело на меѓународната делегација составена од пет претставнички од Г.Т.Ф. од Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Црна Гора кои вршеа мониторинг на Парламентарните избори во Македонија во две изборни единици - еден и два, вклучувајќи 27 изборни места.

Она што го забележавме при мониторингот е дека во избирачките одбори на меѓународните набљудувачи преовладуваа мажи, како и во одборите на политичките партии, додека набљудувачите кои беа поставени од невладините организации беа 50 отсто од женски пол, вели Рукавина.

За денот на изборите Сојузот на организации на жени на Македонија обезбеди 24 обучени набљудувачи ( обуката ја спроведоа две експертки од Албанија) кои потоа едуцираа 765 волонтери набљудувачи, со цел подобро да ги запознаат со правата и должностите на набљудубачот. Дваесет и четири обучени набљудувачи беа распоредени во сите шест регионални изборни комисии, додека останатите 765 беа мобилни и распоредени на терен по избирачките места во шесте изборни единици.



Мери Ен Рукавина

Во руралните средини има доста неписмени жени, а во овие средини е забележано и семејно гласање, но не стереотипно, значи не секогаш мажот како глава на семејство бил тој што советувал кој број на гласачкото ливче да се заокружи, туку жени од повеќе генерации се консултираа меѓусебно. Проблемот со семејното гласање е присутен и мора континуирано да се работи на неговото решавање, објаснува Мери Ен Рукавина.

Препорака на оваа женска асоцијација е жените да бидат пропорционално претставени во легислатива и извршните тела со најмалку 30 отсто врз основа на демократските принципи, како и целосно да се искористи предноста на огромните ресурси кои жените ги имаат во насока на стабилност и просперитет на нивната земја. (М. К.)

# Интервју

## Слободанка Марковска, антрополог за изборите, НВО, жените...

# Невладиниот сектор е контролен механизам на демократијата

**БЛЈАНА БЕЈКОВА**

**Тргнавме со слоганот „Моќта е во народот„ и тоа не во популистичка или пак, националистичка смисла. Оттаму, дали Вие како доајен на невладиното движење во држава би се согласиле со констатацијата дека на Македонија и се случи народ?**

Точно е, синтагмата „случување народ„ буди непријатни асоцијации од блиското минато во нашето соседство, кога народот масовно излегувајќи на улиците и плоштадите и даде подршка на една националистичка политика и помогна во етаблирањето на еден тоталитарен режим, случувања што имаа далекосежни импликации по демократскиот живот на некогашните југословенски простори.

Но, на овие парламентарни избори на Македонија и се случија слободни, фер и демократски избори во кои македонските граѓани една година по минатогодишниот воен конфликт масовно излегоа да гласаат покажувајќи ја на тој начин својата политичка зрелост и определеност да живеат во мир, и да продолжат на патот на демократските процеси. Во тој чин на слободно и демократско изразување на својата политичка волја лежи вистинската моќ народот.



Фото: Филип Антовски

**Каква беше според Вас улогата на невладиниот сектор во мобилизацијата и едукацијата на граѓаните за парламентарните избори?**

Без претерување може да се каже дека невладините организации како значаен сегмент во сферата на цивилното општество, со својата кампања под мотото „Моќта е во народот„ одиграа огромна улога не само во мобилизацијата и едукацијата на граѓаните во предизборниот процес, туку и со преземените активности за мониторинг на предизборната кампања на политичките партии вклучително и нивната медиумската презентација. При тоа треба да се одбележи восхитувачката креативна енергија што се ослободи и се манифестираше во најразновите предизборни проекти - од постерите, преку печатените брошури и прирачници до бројните трибини и форуми кои беа во функција да покажат дека во едно демократско општество никој нема монопол на вистината и дека ниеден авторитет не е предоминантен. Она што импонира е ангажманот на невладиниот сектор во мониторингот за време на одвивањето на избирачкиот процес, кога достојно, обучено ја завршија својата задача - да бидат непристрасни набљудувачи задолжени да ја известуваат јавноста за регуларноста и евентуалните нарушувања на изборната процедура.

> Невладиниот сектор не се бори за освојување на политичката власт, но реагира секогаш кога ќе почувствува дека се загрозуваат суштинските вредности на демократијата

**За многумина фактот дека невладините организации станаа видливи во предизборниот период претставуваше приклонување кон една политичка опција.**

Прво да одговорам во врска со не/видливоста на невладиниот сектор. Во Република Македонија веќе една деценија опстојуваат голем број на невладини организации. Тие се основаат, дејствуваат со помал или поголем интензитет, некои од нив згаснуваат, никнуваат нови. Имаат различен мандат на дејствување но давале прилог во демократизацијата на општеството. Тоа што некои дури сега „ги открија„ или ги „видоа„ невладините организации зборува за нивниот однос кон овој значаен сегмент од општествениот живот. А фактот што невладините организации организираа голема кампања во предизборниот процес од една страна, говори за сериозноста на фазата во која се наоѓа Република Македонија, а од друга страна, за цврстата решеност на граѓаните да не бидат пасивни набљудувачи во ситуација кога се решава за нивната судбина. Невладиниот сектор не се бори за освојување на политичката власт, но реагира секогаш кога ќе почувствува дека се загрозуваат суштинските вредности на демократијата, та во таа смисла е неточна и неправедна оценката дека застанале зад една политичка опција во предизборната трка, па дури и дека биле инструментализирани.

Ако веќе зборуваме за опции , тогаш сепак треба гласно да се каже дека невладените организации здружени под слоганот „Моќта е во народот„ заседоа опција - опцијата на демократијата чии темелни вредности се човековото достоинство, слободата, мирот, почитувањето на човековите права, при што акцентот го ставија на правото на живот и на правото слободно, без страв и присила да решаваат за својата иднина.



**Некои одеа дотаму што МВО секторот ги прогласија за „петта колона„ а неговите активисти за дестабилизатори на државата и предизвикувачи на мек државен удар. А, имаше и обвинувања дека е тоа фашизоиден сектор.**

Колку и да звучи парадоксално, жестоките обвинувања упатени до невладините организации од определени политички партии и медиуми, претставуваат голем комплимент за невладиниот сектор зашто, стана јасно дека од овие избори па, натаму, секоја власт треба сериозно да смета на невладиниот сектор како на контролен механизам на демократијата. Во жестоката кампања против невладините невладините организации кои, впрочем, и не поседуваат никаква институционална моќ и за чија работа ниту повеќето медиуми ниту власта не пројавуваа некој суштествен интерес, тие одеднаш беа промовирани во толкава сила, што дури наумиле да ја уриваат државната власт, се разбира со здушна подршка на некои мрачни сили кои коваат заговор против Македонија. За жал, обвинувањата дека невладините организации се „петта колона„ беа присутни уште во „пионерското" време на невладиниот сектор, а тоа време коинцидира со периодот на осамостојувањето на Македонија. За волја на вистината не беа со толкав интензитет како сегашниве. Но, доколку и би имала разбирање за тој период кога сè уште се робуваше на една стара идеологија за внатрешните и надворешните непријатели, вџашува фактот што по една деценија опстојување на невладиното движење, оние кои ја употребуваат таквата реторика, на познавателен план не отишле многу напред. Сакам да кажам дека во нивните бесмислени обвинувања е многу видливо отсуството на разбирање на суштината на цивилното општество. Судовите од типот „Никој не финансира ништо за џабе", „Има тука нешто сомнително„ „Зад нив мора да стои некоја политичка партија или меѓународна сила„ „Тие (невладините организации) се инструмент за ова или она„ и така до бесвест, од една страна се израз на авторитарна свест и израз на идеологијата на перманентни заговори, а од друга страна, антрополошки говорејќи, тие се израз на цинизам или попрецизно на слепило кој им оневозможува на оние кои нив ги изрекуваат , да согледаат дека луѓето се кадарни да имаат идеали и дека можат да бидат филантропи. Или пак можеби тргнаа од сопствената девиза на живеење и дејствување дека сè може да се купи и дека човечката природа по дефиниција е коруплива или подмитлива промовирајќи ни состојба во општеството која не доведе на срамното место меѓу најкорумпираните држави во светот.

> Активностите на женските организации во предизборниот период претставуваат крупен чекор на планот на оживотворувањето на женските граѓански права

**Особено видливи беа и активностите на женските невладини организации насочени кон учество на повеќе жени во политиката. Дали мислите дека во овој домен имаме суштински исчекор ?**

Со задоволство може да се констатира дека активностите на женските организации во предизборниот период претставуваат крупен чекор на планот на оживотворувањето на женските граѓански права. Најнапред, женското политичко лоби со упорна работа успеа да се избори за 30% застапеност на жените на листите за кандидати за изборите, и бројот на жените пратеници во идниот парламент (21) никогаш досега не бил поголем. Но колку и да беа видливи активностите на феминистичкото дејствување, за жал сè уште не можеме да бидеме целосно задоволни од „видливоста" на жените во предизборната кампања. Бројните извештаи на невладиниот прес центар тоа го илустрираа многу прецизно и во оваа пригода не би ги повторувала веќе изнесените забелешки. Сакам да го истакнам само впечатокот дека кај повеќето политичари, кои во статистичка смисла се мажи, отсуствува осетливоста за родовата димензија, што можеби највидливо се изразуваше во отсуството на еден инклузивен јазик во предизборните говори и дека традицијата и стереотипите врзани за машките и женските вредности сеуште се на сила. Не можам да го пренебрегнам и примерот на мизогинија што произлезе од претставникот на една политичка партија по повод именувањето на претседател на ДИК од страна на претседателот, изјава во која се вели дека претседателот ја поставил за претседател „...госпоѓата „икс" Мирјана Лазарова Трајковска, која во септември ќе стане и позната и препознатлива. Зошто да не, и другарот Ленин се има прашано: зошто готвачките не би можеле да бидат политичари? Барем да знаат да ставаат манџа во секоја мирудија!„

И покрај постигнатиот успех во овие избори, мислам дека пред женските организации, посебно за женското политичко лоби допрва претстојат активности во смисла на градење на стратегија жените навистина да станат рамноправни во сите домени на општественото живеење, а посебно таму кадешто се центрите на решавање и донесување одлуки.

**Резултатите го покажаа своето, но кои се сега, предизвиците со кои се соочува и ќе се соочува невладиниот сектор?**

Невладиниот сектор не треба да престане со своите активности на планот на заложбите за демократските процеси во нашата земја и со своите иницијативи да придонесе за изградба на едно похумано и поправедно општество. Неопходно е да продолжи да биде видлив и гласен - тоа подразбира критичкото промислување и дејствување секогаш кога ќе се оцени дека се доведуваат во прашање темелните вредности на демократијата.



НВО инфоцентар
Женски прес - центар

Дали се почитуваше изборниот молк на Интернет?

# Партиските сајтови не престанаа со агитација



Предмет на оваа анализа на НВО инфоцентарот и на Женскиот прес-центар беа интернет презентациите на организаторите на изборните кампањи, на медиумите, на државните органи и на специјализираните сајтови од порталски и информативен тип. Анализата е правена на 14 септември 2002 меѓу 13 и 15 часот.

Иако Интернетот претставува нерегулирана зона во речиси целиот свет и допрва се прават напори за негова регулација, обврската за молкот како генерална обврска за сите типови информирање се протега и врз него со некои одредени специфики.

Анализирајќи ги сајтовите на медиумите и на порталите на пример, ја зедовме предвид архивската димензија на медиумот и се фокусиравме само на насловните страни и на страните специјално посветени на изборите.Кај интернет презентациите на политичките партии појавувањето на нивните грбови и други симболи по кои се препознатливи не ги третиравме како кршење на молкот, меѓутоа прикажувањето на симболите дизајнирани специјално за оваа кампања го третиравме како кршење на молкот.Како кршење на молк ги третиравме и извештаите од предизборните активности и ставањето на располагање на изборната програма.

Кај медиумите и порталите, како кршење на молкот го третиравме и пренесување на изјави на политичари, во кои или се даваат прогнози за резултатите на изборите или се содржани елементи на предизборна агитација.

Политички партии и државни органи

## Министерството за финансии се вклучи во кампањата



Најпрво сакаме да ги истакнеме политичките партии кои не го прекршија молкот на Интернет. Тоа се ДА, ЛП, ДПА и независниот кандидат Игор Џамбазов.

Специфичен е сајтот „Главата горе" - (www.glavatagore.org.mk) кој целиот го крши изборниот молк со самото тоа што е активен. Овој сајт е наменски и претставува кибер поддршка на кампањата на владеачката коалиција и целата содржина е од агитациска природа.

Втор пример на масовно кршење на молкот е направен преку сајтот на водечкиот партнер на опозициската коалиција СДСМ (www.sdsm.org.mk) кој е полн со извештаи од нивните митинзи и со говори на кандидатите.

Сајтот на ЛДП (www.ldp.org.mk) го прекршува молкот пред се со оставањето на пристап до нивната изборна програма и со презентирање на фотографии од изборните активности.

ДУИ има тројазичен сајт (www.bdi-press.org) и е интересно дека молкот е прекршен само во презентацијата на албански јазик на која има посебен линк кон изборните активности на партијата исполнет со агитациски материјал. Анализата на владините сајтови покажа дека освен ситно прекршување на сајтот на Министерство за финансии на другите содржината е чиста од каков било материјал кој би можел да се протолкува дека е во функција на предизборната кампања. Министерството за финансии има ставено електронска верзија на брошурата „Што ветивме, што остваривме„ која иако се занимава со активностите на министерството, и може да се класифицира како поддршка на кампањата на владеачката коалиција.

Интернет сајтови и портали

## Пример за почитување на молкот - ajvar.com



Порталите на интернет провајдерите се чисти (Мт.нет, Он.нет, Сонет, МОЛ) , чисти се и порталите АРГО и Манго.

Прекршување е направено на Reality Macedonia на кој е објавен промотивен текст за Игор Џамбазов и сајтот на меѓународната организација IWPR која има свое претставништво кај нас. На овој сајт на 13.09.2002 е публикуван коментар на Борјан Јованоски, кој иако е легитимна новинарска форма, по својата содржина не би требало да биде достапен во овие два дена затоа што содржи изјави на политичари, кои директно се однесуваат на овие избори. Најпозитивен пример од сите интернет хостови на најразлични типови на комуникација е сајтот AJVAR.COM кој е класичен дискусионен форум. АЈВАР ја заклучил дискусионата група - политика на полноќ. на 13. 09. 2002.

МЕДИУМИ

## А1 со специјален линк за Изборите

И овој дел сакаме да го почнеме со позитивните примери на оние што не го прекршиле молкот: МИА, Press on line, Дневник, Пулс, Утрински весник, Сител, Телма, Нова Македонија, Форум и Канал 77.

Канал 5 е специфичен случај затоа што, на влезната страна има вести датирани еден ден пред молкот, а тие се исполнети со содржина која претставува кршење на молкот. Иако имавме дубиози, дали со тоа се крши молкот или не, сепак, решивме тоа да го окарактеризираме како кршење затоа што е технички изводливо тие вести да се архивираат и да се тргнат од влезната страна на сајтот.




Најголем прекршувач на молкот е А1 телевизија, кај која преку специјалниот линк, насловен како Избори 2002, се доаѓа на дел од сајтот со нови вести кои по својата содржина го кршат молкот. Иако оваа содржина не се наоѓа на влезната страна од сајтот, таа, сепак, не е од архивски тип и токму затоа и посветивме внимание.

Неделникот „Лоби", исто така, има одреден број на содржини (претежно интервјуа) со кои го нарушува молкот.

Молкот го прекршија и Македонското Радио со еден извештај од 14. 09. 2002 во кој Љубчо Георгиевски е претставен пред се како претседател на ВМРО-ДПМНЕ, а потоа како премиер, и „Македонско сонце„ со истакнување на симболи на политичка партија и објавување на интервјуа со кандидати.

Имавме проблеми со класификацијата на одредени текстови на неделникот „Старт" и до крајот не можевме да одредиме дали со нив се прекршува молкот или не, односно дали се автентичен новинарски израз или негативна кампања против власта.

Заклучоци и препораки

## Интернетот не смее да биде „сива" зона

Интернет технологијата како комуникациска технологија овозможува почитување на молкот и покрај недостигот од оперативна регулација. Кршењето на молкот на Интернет е пред се активност на самите политички партии и на дел од медиумите. Во иднина треба да се размисли за третманот на молкот на новиот медиум пред се, заради тоа што бројот на корисниците во Македонија, постојано расте и на се поголем број од нив Интернет сајтовите им претставуваат примарен информативен медиум.



НВО Инфоцентарот и Женскиот прес-центар за време на молкот упатија писмо со молба да се симнат овие содржини од партиските сајтови, потсетувајќи ги на обврските за молкот.

Родови стереотипи во медиумите

# Балерина и турбина

ЕЛИЗАБЕТА ШЕЛЕВА



Претставувањето на жените во медиумите главно е детерминирано од следниот родовиот стеротип, чиишто семиотички потенцијали, во разновидни облици, изобилно ги експлоатира: имено, жената е согледана главно како **sex-object** (сексуален објект), додека, мажот првенствено во улога на **succes subject** (субјект на успехот).

Така, за жал, се уште, жените во медиумите имаат најчесто орнаментална (спорадична) функција. При тоа, можат да се изделат неколку основни имаголошки прототипови, кои осцилираат меѓу екстремите, како што се **Балерина и Турбина**: естраден тип (жена-кукличка, манекенка, пејачка и сл.); семеен тип (домаќинка, сопруга, мајка, ќерка); а најчесто, во рекламните огласи, дијаболичен тип (бајачка, видовита жена). Ми се чини, дека, во последно време, доаѓа до нов подем на малограѓанските вредности, изразени преку потрошувачката култура.

Еден од примерите на таквата презентација е рекламата за **сурф-картичката на Мт.нет**. - женското тело, кое и без тоа, е традиционално подложно на комодификација (размена), овде, заедно со картичката, претставува конотативен предмет на продажба, бидејќи визуелната и текстуалната порака содржи максимална, метонимиска двосмисленост, на која може да ѝ позавиди секој макро: „Купи ме и твоја сум„. Овде повотрно имаме класична, патријархална редукција на жената до Тело, или, пак, до физиологија, што ја откриваат честите примери на порноглосија и мизогинија во медиумите: (кога, во еден спортски напис, се вели, дека постојат два вида п(т)ички: п(т)ички по раѓање и п(т)ички по карактер. Или, пак, кога, заради дискредитирање на политичкиот ривал, истиот се споредува со „раскокодакана тетка„ или со нимфоманка(?).

Така испаѓа, дека медиумите лицемерно заговараат двојни стандарди: според формулата „говори глобално, но делувај си мизогино„

Би сакала, во врска со тоа, да посочам и еден скорешен, личен пример, што речито ја потврдува лицемерноста на уредничката политика кај нас. Станува збор за двонеделникот „**Форум**„ кој пред два месеца иницираше прилог за состојбата на женското движење и родовата самосвест кај нас. Тогаш, од мене беше нарачан прилог, во обем од 70 реда, кој беше објавен под наслов „Балканот и кризата на машкоста„.

Потоа, започна полемика, која овојпат не ги санкционираше текстовите на мојот полемички соговорник, кои беа 2 до 3 пати подолги од моите. Но, освен нерамномерната должина на прилозите, оваа полемика го расветли и елементарното непочитување на некои суштински предуслови за водење демократска расправа. Во претпоследниот број на списанието, заедно беа поместени и истовремено објавени, не само мојот полемички одговор, туку и инстантната реакција на него (?!), што значи - прекршување на основните принципи на една професионално водена, уредничка политика. Се разбира, на ваквото еклатантно прекршување на професионалните норми од страна на еден, наводно објективен, медиум, досега НИКОЈ јавно не реагираше. Тоа е особено загрижувачко, со оглед на карактерот на полемиката, деликатноста и ретката застапеност на самата нејзина тема: родовите стереотипи и односи.

Посебно место и значење во медиумите, треба да им припаѓа на ретките жени политичарки. Како што укажува Светлана Слапшак, политичката претставничка, или„**пратеничката**„ претставува една од женските придобивки и икони на 20 век, но, најинтересно, во врска со неа е токму нејзината двојна улога или тропична природа. За разлика од нејзиниот колега-пратеникот, таа остварува двојна улога: што се должи на ретката и непропорционална застапеност на жените во политиката. Така, освен својата политичка партија, таа го претставува и родот на кој му припаѓа, што повлекува и нејзина поголема, партиска, како и родова одговорност пред гласачите.

Родот, во овој случај, станува институција, т.е. родот говори низ устата (исказот) на пратеничката и овој податок, секако, треба да го имаат предвид и самите медиуми. Така, освен формалната процентуална застапеност на жените во политичките тела, треба да се води сметка за суштинска застапеност на жените во политичките дискусии што се водат, а уште повеќе за нивната активност и застапеност при донесувањето одлуки, кои влијаат на нашите животи. Токму тука, медиумите треба да се однесуваат со максимално внимание, будно следејќи го, маркирајќи го реалното присуство и влијанието на жените во политиката.

Бидејќи теориските сознанија предупредуваат на тоа, дека првата политика, во рамките на која сите ние неизбежно делуваме, е токму сексуалната политика (политиката на односите меѓу родовите), што понатаму, далеку подзатскриено се рефлектира и врз сите други начини и облици на распределба на моќта (и привилегиите) во секое општество.

Најновпример за мизогиниот третман кон жените

## Провајдерот Он.нет се промовира во макро?!!!




Непосредно пред заокружувањето на предизборната кампања, во весниците низ државава се појави (најверојатно и во иднина зачестено ќе се објавува) уште еден недвосмислен и исклучително транспарентен пример на мизогин третман и претставување на жените во медиумите. Станува збор за рекламата на интернет провајдерот ОН.Нет, со слоганот: „ Сакам кога е голем„, на која една сексипилна млада жена со суптилно ставен молив во устата, и благо раширени колена, ни сугерира дека Таа и секако, Он.нет имаат: „голем број влезни линии„ и „голем број задоволни корисници„.

Вулгарноста на пораката: дека оваа млада жена (а, авторот веројатно ни сугерира дека и сите други жени ), (с)е курви односно проститутки кои сакаат големи пениси, кои имаат повеќе од еден влез за нив и секако, голем број ЗАДОВОЛНИ корисници, е толку видлива и јасна што дополнително објаснување, анализирање и полемизирање не е потребно.

Навистина на оваа порака можат да и позавидат и самите макроа!

Заштитата на животната средина во изборните програми

# Партиите се залагаат за спроведување одржлив развој во Македонија

*Новинарско-правниот енвиро центар ЕРИНА во август и првата половина на септември годинава, го спроведе проектот Зелен глас 2, кој имаше цел гласачите на Парламентарните избори 2002 да ги запознае со начинот на кој партиите во своите изборни програми го третираат прашањето на заштитата на животната средина. Покрај оваа проектна цел, генералната цел на ЕРИНА беше да ја зајакне способноста на гласачите за ефективно учество во процесот на гласање, и на аналитичкиот приод кон прашањата од областа на животната средина. Проектот е поддржан од Институтот за трајни заедници - ИТЗ и од УСАИД. Општ заклучок на ЕРИНА од анализите на програмите е дека политичките партии сфаќаат дека областа на животната средина е важна за нивната кандидатура, така што се потрудиле, во различен обем и квалитет, да ја вградат во програмите. Тој факт сам за себе зборува за одредено ниво на свест за оваа област, како кај кандидатите, така и кај гласачите. Тука ќе ги претставиме резултатите од анализата на дел на изборните програми:*



**ВМРО-ДПМНЕ / ЛП**

## Заштита на езерата

ВМРО - ДПМНЕ и ЛП во својата Економска програма, како и во посебен дел, под несоодветниот наслов „Еколошка заштита„ (наместо заштита на животната средина) велат дека заштитата на животната средина е еден од темелите на економската и социјалната стабилност на државата, што е поширок гледање на ова прашање од досегашната практика. Овие партии велат дека ќе се залагаат за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, националните паркови, подобрување на законите, изградба на пречистителни станици за отпадни води, усовршување на мониторингот на загадувањето и за кампања за подигнување на јавната свест, особено кај младите. Во делот за аграрната политика не се споменува одржливото земјоделство. Се прокламира програма за нови генетски раси добиток, што може да доведе до несакани еколошки последици.

Во областа на водостопанството, претставени се плановите за реализација на 12 системи за наводнување ширум државата, но во врска со овие планови, кои инаку се важни за водоснабдувањето и за подобрување на општата еколошка состојба во државата, треба да се има предвид како нивната евентуална реализација ќе влијае врз промената на локалната микроклима, еколошки системи и други последици со негативно влијание. Посебно е издвоена програмата „За чист Велес„ со конкретни мерки што се однесуваат на индустриските субјекти, како и уште неколку инвестициони проекти кои се еколошки оправдани. Но, се поставува прашањето за реалните можности за спроведување на сето тоа за 4 години (иако за некои се вели дека се обезбедени буџетски средства и/или донации).

**СДСМ**

## Алтернативни извори на енергија

СДСМ во својата изборна програма поимот „економски растеж„ го поврзува со одржливиот развој, што претставува единствено оправдан приод кон развојот. Иако заштитата на животната средина ја сместува во делот на здравството (таа, инаку, е интердисциплинарна област, а здравството е еден од нејзините сегменти), таа сепак се провлекува во речиси сите области (економија, енергетика, земјоделие, шумарство, водостопанство, сообраќај) третирани во Програмата. Оваа партија вели дека ќе се залага за заштеда и супституција на постојните со алтернативни извори енергија, за обнова на шумскиот фонд и негова заштеда од деградација и бесправна сеча, за спроведување на Националниот еколошки акционен план, за донесување на Просторен план на РМ и развој на географски информативен систем - што претставуваат позитивни мерки, но проблематична е заложбата за намалување на цената на концесиите за ловиштата, што може да доведе до појава на зголемено ловење и диволовење. Во делот посветен на сообраќајот се прокламираат позитивни мерки, како: стимулација на железничкиот сообраќај, употреба на потивки, почисти и поекономични возила, усогласување на техничките перформанси и стандарди за возилата и горивата со оние на ЕУ и друго. СДСМ вели и дека ќе спроведува мерки за управување со отпадот и негово рециклирање, соработка со невладините организации, заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро и друго.



**ЛДП**

## Контрола врз шумскиот фонд

И Либерално-демократската партија зборува за принципот на одржлив развој во контекст на стопанскиот раст, нагласувајќи дека сиромаштијата не може да се совлада без динамичен и одржлив стопански раст. Овој позитивен приод е поткрепен со заложбата за поддршка на проекти што не трошат многу енергија и што не ја загадуваат и загрозуваат животната средина. ЛДП вели дека ќе се залага за комплетирање и ригорозно спроведување на законодавството од оваа област, јакнење на институциите и соработка со соседните држави за регионална реконструкција на животната средина.

Партијата ќе спроведува мерки за заштита и мониторинг на водите и ригорозна контрола на користењето на шумскиот фонд. Она што недостасува е подетална елаборација на инаку позитивниот приод кон животната средина.

**ДУИ**

## Животната средина - заборавена

Демократска унија за интерграција -

Во програмата на ДУИ со ниту еден збор не е спомената заштитата на животната средина, со напомена дека обработката на тој дел дополнително ќе следува.

**Зелена партија**

## Производство на здрава храна

Зелената партија дел од коалицијата „За Македонија заедно„, во својата програма за приоритет ги смета одржливиот развој, одржливото земјоделие, производството на здрава храна и управувањето со природните ресурси.

Се инсистира на врската на трите елементи „енергија, економија и екологија„ и во тој контекст за животната средина се вели дека е скапа но исплатлива инвестиција, но врската меѓу споменатите елементи не е подетално елаборирана. Се споменува развојот на еколошки туризам и потребата од извоз на здрава еколошки контролирана храна. Зелената партија смета дека малку е направено за заштитата на природното наследство и на ова поле ќе го даде својот придонес. Партијата ќе се заложи на фирмите кои се купуваат од странски партнери да им бидат покриени трошоците околу санирање на досегашните и идни еколошки штети.

**ПДП**

## Ревитализација на шумскиот фонд

ПДП - Партијата за демократски просперитет се залага за побрз економски развој, но никаде не го споменува принципот на одржлив развој (развој што нема да оди над можностите на природата).

Во делот посветен на земјоделството, ПДП се залага за инвестирање во хидромелиоризацијата, за прекинување на неконтролираното оштетување на шумите и за стимулирање на ревитализирањето и пошумувањето. Животната средина е сместена заедно со социјалната политика и здравството, во посебен дел, во кој се вели дека ПДП ќе спроведува мерки за воведување „екостандарди„ во производството на прехранбени продукти, „паралелно спроведување на економскиот развој со екостандардите„, заштита на воздухот, почвата и водите, поддршка на еколошките друштва, стимулација на регионалната соработка и реализирање на државниот еколошки план.

## АПЕЛ

**Осудуваме секаква употреба и демонстрација на оружје па, дури и при славење на изборна победа. Бидејќи, во повеќе градови и населени места, граѓаните своето задоволство и радост го изразуваа со масовна употреба на огнено оружје и пукање во воздух.**

**Оттаму, апелираме разоружувањето и собирањето на нелегалното оружје да биде еден од првите и високи приоритети на идната влада.**

# ОТВОРЕНО ПИСМО ДО ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ

*Почитуван г-не Георгиевски,*

Дозволете ни да Ви честитаме на големината што ја покажавте во неделата на 15.09.2002. Во можеби најтешкиот момент што сте го имале во Вашето политичко искуство, Вие го признавте изборниот пораз и покажавте почит и кон волјата на народот и кон политичкиот противник. Впрочем, како што тој тоа го направи пред 4 години.

Сепак, во деновите што доаѓаат, Вашата партија и Вие лично, најверојатно, ќе анализирате што Ви се случи на овие избори. Кога ќе анализирате, Ве молиме да ги земете предвид следниве редови.

Ве следевме како низ цела кампања, па и за време на обраќањето на 15.09.2002 зборувавте за бројки кои што покажуваат економски подем за време на Вашата влада. Истакнувавте параметри кои што покажуваа дека вашите влади работеле успешно и.т.н. и како се уште да не Ви е јасно зошто тоа луѓето не го гледаат. Не е точно дека не го гледаат. Го гледаат.

Но, во друга грмушка лежи зајакот. Водевте политика на потполно игнорирање на државните институции или местевте луѓе кои не се мешаа во својата работа. Државните органи со кои раководеа луѓе од Вашата партија станаа заробеници на волјата на партијата којашто ја раководевте, наместо да бидат сервис и администратор на јавните потреби.А, сите ние станавме ваши заложници. Македонија стана место во кое што за едни важат законите, а за други не. Да почнеме од една најбанална работа каква што се регистерските таблички на автомобилите.Некои ги имаат, а некои ги вадат. На некои има лавови, а некои се по пропис, некој кога ќе ги загуби купува нови, а некој си ги прави дома. Државата која пропишала какви треба да бидат, никаде ја нема. Второ, вашата влада демонстрираше тотално политичко слепило и антологиска неодговорност во најбитните моменти. Кабадахиството на вашите министри Ви дојде до ак. Кога банда дебеловратести човеколики суштества ја 'бранеа,, неготинската гимназија од учениците и кога цела Македонија очекуваше министерот Новковски да си поднесе оставка, а нему тоа не му паѓаше на памет, токму Вие како премиер и лидер на партијата требаше да ја барате од него. Се решивте за нешто сосема друго. Кога Бошковски рани четворица на полигонот во Леуново, никој нормален не очекуваше дека ќе остане министер ни 24 часа. Вие наместо да инсистирате на негово заминување, молкум преминавте преку жртвените јарци што тој ги подметна, а целата ваша партија гракна дека жртвите си се сами криви. Ја злоупотребивте трагедијата што ја снајде Македонија за да го направите патриот на батерии, бранител и херој. А тој кутриот, најмногу од сите поверува дека „ако падне Љубе, паѓа Македонија,,- и се изнатреска глупости кај што стигна, резилејќи се и себе си и Македонија.

Се опкруживте со такви недоветни, неизживеани ликови кои цело време додека Ви викаа војводо, пустошеа сè околу себе. Демонстриравте сила, насилство и кабадахиство а, станувавте сè пославби и пославби.

Има ли потреба да Ве потсетуваме на Тајванскиот циркус, со кој вашата влада покажа краен авантуризам и дилетантизам и успеа да го дотолчи и она што Македонија го имаше изградено како рејтинг.

Четири години ги слушавме вашите пратеници како докажуваат дека СДСМ украл повеќе отколку ВМРО. Па зарем чавка им го испила мозокот или се работи за тотална политичка неопитност. Зарем мислевте дека мандатот го добивте за да крадете, ама помалку? Ние наивните мислевме дека го добивте, за да го запрете тоа.

Кога вашата влада беше напаѓана дека е корумпирана, вашата одбрана беше дека не постои држава во која нема корупција. Извинете, ама Македонија на овие избори покажа дека тој аргумент не го прифаќа.

Кога го потпишавте Рамковниот договор и откако ги спроведовте уставните промени, нè убедувавте дека сте против него, ама ете под огромен притисок сте биле принудени да попуштите. И ден- денес не е јасно дали стоите зад својот потпис, или,пак, не? Ако стоите, зошто тогаш го напаѓате договорот, а ако не, зошто го потпишавте? Ако е тоа волја на странскиот фактор и е направено само поради притисок, зошто Ве избравме во 1998 година и што ќе ни е влада ако странците ни решаваат .

Додуша, го одбранивте БАЛОТ, ама за четири години успеавте да понижите и изнавредите еден куп народ. Се однесувавте како да сме самоиловите слепци и дека на секои сто од нас, има по еден вмровец со едно око, што ни кажува што треба да гледаме.

Не се залажувајте дека поразот не е тотален, само заради тоа што имате 30-тина пратеници, кога многу добро знаете дека доколку изборниот систем беше мнозински, ја , ќе имавте 1-2 пратеници, ја - ниеден.

Ќе имате доволно време да си кажете многу работи со своите сопартијци, во периодот што доаѓа, а ќе ви треба и многу храброст да го исечете болното ткиво што метастазираше додека бевте на власт. Не ви се сега потребни галама и конфликти. Свртете се малку кон себе. Редефинирајте си ги ставовите и согледајте си ги грешките. Видовте како е да си на власт, а многу добро знаете како е да сте во опозиција. Ги искусивте и победата и поразот. И двете се потребни за да се созрее и како човек, и како политичар, и како партија.

Ах, да ќе го заборавевме најбитното; бадијала ни се сите успешни реформи, сите цифри и показатели на успешноста, кога се слушаат пукотници на сите страни и кога секој може да ви влепи по две шлаканици на улица и да си замине како ништо да не било. Не е проблем економијата, туку насилството . Точно е дека постои заговор против Македонија, ама тој е направен од криминалците со коишто допрва треба да се пресметате.

# ОТВОРЕНО ПИСМО ДО БРАНКО ЦРВЕНКВОСКИ

*Почитуван г-не Црвенковски,*

Дозволете ни да Ви ја честитаме победата и да Ве потсетиме дека ако таа Ве понесе, може да се сопнете.

Се надеваме дека Вашиот нов мандат ќе ни овозможи да живееме во здодевна земја. Земја без војни, без тензии, без неодговорни фолиранти на клучни места, без корупциски афери, дебеловратести силеџии, пукотници по улици и потемкинови села. Земја во која главни теми ќе бидат кој каде ќе оди на летување, кој колку пари потрошил за свадба, каде најдобро се јаде, кој како пеел на фестивали, состојбата во јавниот превоз, а врвни афери ќе претставуваат необележени пешачки премини, дупките на патиштата и слично.

На почеток сакаме да Ве замолиме да не ги прибирате лигушите за кои секоја власт е добра, затоа што од нив глава не кренавме последниве 12 години. Смачено ни е од сета таа булумента на цинични профитери, што како лебарки се пикаат во топлите скутови на власта. И ние и Вие си ги знаеме кои се. Од Вас се очекува да ја скршите практиката на политички клиентелизам. Кога ќе Ви се јават луѓе кои за ситни ќарови ќе Ви нудат најразлични услуги, покажете им ја вратата. Таквите ѝ ја исшмукаа срцевината на Македонија.

Многу добро знаете дека овој народ е страден за леб и жеден за правда. Првото да не се одзема, а второто да се овозможи. Но, пред тоа треба да се вратат пушките во „сошки,,. Да се заузда уличното насилство и да се обезбеди секое возило да има прописна регистрација.

И имајте на ум дека веков не почнува со вас и дека сè што е претходно направено, не чини. Тоа беше првиот грев на Вашиот претходник.

Во следните четири години мора да почне процесот на департизација на државата. Сакаме партиите да се сместат , таму кадешто им е местото. Таму каде што се води политика, а не каде што се тера бизнис. Оваа држава не може да си го дозволи тој луксуз и понатаму да биде разјадувана од оние што од стручност имаат само партиска книшка, а од доблест- милитантна верност кон партијата , како и тотална неодговорност кон државата. Ако нешто ја растури Македонија, тогаш е таа практика на ракоположување подопашести муви и кловнови на одговорни места. Смачено ни е и од првоборци, херои и бранители. Ако тоа нѝ се случи, ако, како што рекол Шилер, „ги видиме победничките венци на славата понижени, на ниските чела недостојни ставени,,- готови сме,- и надеж и спас за нас нема.



Вие немате друг избор, освен да се повлечете од позициите што досега партиите ги освојуваа. Вие немате избор, освен да ја смените демократурата со демократија, да им ја вратите моќта на институциите што со години беше празна. Вие немате друг избор, освен растурање на центрите на моќ, што ја држат цела Македонија во заложништво.

Внимавајте, да не се сопнете. Ароганцијата и игнорирањето на реалноста, ви донесе пораз во 1998. Не заборавајте дека власт не добивате, ниту поради тоа што сте арни, ниту поради тоа што сте паметни, туку заради гневот народен кон претходната власт. Знаете што правевте до 1998 година , знаете што правеше таа до 2002. Сетики научивте дека не е проблем да се освои власта, кога се луѓето незадоволни од претходната. Проблем е тие да бидат задоволни од вас за да ја задржите. И не смее моќта да ви стане толку слатка, та да се изгубите и себе си и другите.

Ослободена е огромна позитивна енергија, искористете ја, употребете ја. Луѓето се сега отворени, тие сакаат, пекаат да направат нешто за себе и за заедницата во којашто живеат. Не се затворајте, не се вкостенувајте! Не си играјте играчки и не си ја коцкајте оваа шанса, затоа што трета- тешко дека ќе добиете!

Ако повторно го одгледаме истиот филм како досега, тоа ќе ни го скрши духот и ќе ни ја уништи самодовербата.

Некои во вашата партија, обземени од тријумфализам веќе почнаа да се губат. Пресечете ја таа опиеност. Зашто место за славење има, но оваа победа ,сепак, не е ваша ,туку на граѓаните и тие очекуваат да видат работа. Очекуваат да излезат од несигурноста, стравот, безнадежноста. Бараат да им се овозможи да живеат чесно, да не им се гази достоинството и никој да не ги прави недоветни. Некои од вашите не сфаќаат дека ова веќе не е 1994 и дека ова не е истата Македонија. Објаснете им го тоа, или уште подобро објаснете си го тоа меѓу себе.

Оние кои со парите од народот си играа играчки мора да се најдат зад решетки и тука, компромис нема и не смее да има. И тука не смее да има делење на наши и ваши. Најдобро е да си почнете од вашите, за да покажете добра волја а, потоа да продолжите со другите. Ако не си ја исечете гангренозната нога, на крајот таа ќе ве убие. Но, не се нафрлајте на обичните луѓе кои што бедата ги натерала да влегуваат во партии за да се доберат до некоја дребна платичка во некоја државна установа. Доста им е едно понижување, уште едно не им е потребно!



Имајте го на ум и тоа дека кооперативноста со остатокот од светот, не значи откажување од нашиот државен интерес.

Ја искусивте победата, како што го искусивте и поразот, се надеваме дека добро научивте што значи да си на власт , а што да си опозиција. Се надеваме дека тоа искуство ќе Ви биде од непроценлива важност во наредните 4 години - како за Вас, така и за нас.

Ве чека тешка и напорна работа. Малку ви е полесно затоа, што Македонија речиси го допре дното и секое тргнување напред може да наликува на огромен напредок.

Останаа многу малку лоши работи што не нѝ се случија.
Ви посакуваме, никогаш да не ги пронајдете.

НВО-Инфоцентар

---

From: dostae@dostae.net.mk
Date: Tue, 17 Sep 2002 10:56:52 +0200
Subject: [Dosta e] Manifest vo pravo?????

**„Петтата колона“ признава:**

**Крум Велков и „Манифест“ беа во право!**

*Свечено признаваме дека се согласуваме со Крум Велков и тоа по следново прашање (цитат): „... Но, во сета нивна замраченост, тие заборавааат една работа: меѓу нив и остварувањето на нивните мрачни сценарија стои една „ситница“. Се вика Македонски народ. Се уште жив и се уште достоинствен. Во тие три минути на гласање, в недела, секој нормален и незапален од омраза припадник на овој народ ќе седне зад параванот за гласање, ќе го земе пенкалото во својата десна рака и со еден брз потез ќе ги смачка црвите и паразитите кои му ја подјадуваат душата.*

*Потоа ќе излезе надвор од просторијата за гласање: задоволен и свој, Македонецот кој сакаше да биде, кој остана и кој ќе биде Македонец само ако е - слободен!,, (Манифест, 15.09.2002, стр.5)*

***„Доста е“ коментари:***

*□ И би гласање, и беше народ, и дали раката беше лева или десна, или со нечија туѓа помош, и дали беа мажи или жени, или стари или млади, или нивното етничко, културно, јазично потекло било вакво или онакво, ми се чини не беше важно.*

*□ Народот покажа дека е и „жив,, и „достоинствен,,. И не дозволи да го заслепи омразата и остана нормален. И беше слободен, не гласаше со пушки, и пиштоли и нечии туѓи очи над глава.*

*□ Кого „смачка,, народот? Не знам, секој по убедувањето.*

*□ Едно знам, нашта работа допрва почнува. НВО секторот ги добива, и полетот, и силата да биде контролор и коректив на власта. Стануваме гласни. НВО секторот докажа дека може да придонесе 1.222.000 (и уште некоја илјадарка) граѓани на оваа држава да се кренат од дома и да одат на гласање.*

*□ Се надевам дека е ова само почеток на низата успеси кои допрва ќе ги редиме.*

*□ И тоа како е во право на свој сопствен (извртен) начин. Но деновиве размислувам на темата - што понатаму? Сметам дека активностите на НВО секторот треба да се насочат кон едно ново конструктивно скалило:*

*1.Изградба на позитивно партнерство помеѓу основните столбови на демократското општество*

*2.Да се направи стратегија за граѓанско образование на подмладоците и „сениорите,, на политичките партии и почесто нивно дружење со НВО секторот. Верувам (како вечен оптимист) дека кај сите има капацитет за соработка доколку се образуваат за значењето на НВО секторот.*

*□ Изборите завршија. Ние како НВО сектор ја звршивме својата*

*работа со едукацијата за новиот изборен модел и мотивацијата на гласачкото тело. Но нашите следни активности не треба да бидат пред следните избори. Да не заборавиме дека ние сме тие кои треба да и бидат совест на власта. Да ја потсетуваме на она што го ветуваше во предизбориете. Едноставно да останеме на истата линија како досега, наш интерес е граѓанинот и граѓанското општество, а би требало истото да биде и нејзина цел.*